# Службен весник на Република Македонија

Број 35 | 9 март 2015, понеделник | година LXXI

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1027. | **Одлука** за запишување право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во јавната книга за запишување на правата на недвижностите | 4 |
| 1028. | **Одлука** за престанок на важење на Одлуката за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ – Скопје | 4 |
| 1029. | **Одлука** за престанок на важење на Одлуката за продажба на деловен простор со кој стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија | 4 |
| 1030. | **Одлука** за давање на согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија | 4 |
| 1031. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје | 4 |
| 1032. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за утврдување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ | 5 |
| 1033. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на индустриски комплекс КО Неокази Општина Пробиштип | 5 |
| 1034. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за објектот 3.1, Ламела А, Ламела Б, Ламела В, Ламела Г и подземен паркинг - Комплекс источна индустриска зона во Скопје, донесена од Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје | 5 |
| 1035. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за станови и подруми за станбен објект на ул."Ѓорѓи Василев" бр.42 во Струмица | 6 |

Стр.

1036. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за објектот Расадник Б2, У.Е 8 во Охрид .................................... 6
1037. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа - Здравствен дом – Делчево ....... 6
1038. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Битола .......... 6
1039. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Крива Паланка .................................................... 7
1040. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Струга .......... 7
1041. **Одлука** за давање согласност на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиската програма по конференциско толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје во учебната 2015/2016 година .................................................. 7
1042. **Одлука** за давање согласност на Деловникот за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија ............. 8
1043. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со пратечки објекти во КО Блаце Кале Општина Чучер Сандево .................................... 8
1044. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на туристичка развојна зона Градиште КО Пештани Општина Охрид ................. 8
1045. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Крушеани за изградба на објекти со намена А-домување во станбени куќи, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции и Д-зеленило КО Крушеани, Општина Кривогаштани ...................................................... 8
1046. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Велмеј и село Лешани КО Велмеј и КО Лешани општина Дебарца .................................................... 11
1047. **Одлука** за давање согласност на Одлуката за определување на износот на цената на водата за пиење од ЈПВ Лисиче-Велес кон ЈКП Дервен Велес ................................................... 12
1048. **Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Јавното претпријатие „Стрежево"- Битола................... 12
1049. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Црвена Вода за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Црвена Вода општина Дебарца ........................... 12
1050. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапно плато од регионален пат р1208 и пешачка патека покрај Охридско Езеро КО Оровник Општина Дебарца ....................... 16
1051. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на базна станица за мобилна телефонија VLS 9097 КО Папрадиште, Општина Чашка ............................................. 16
1052. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Копанце за изградба на станбени, производни, комерцијални објекти и објекти од јавен интерес КО Копанце Општина Јегуновце.................. 16
1053. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи ................................................. 19
1054. **Одлука** за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на две катни гаражи во комплекс Клиники Мајка Тереза ...................................... 20
1055. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар............. 20
1056. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово ................ 20
1057. **Одлука** за изменување на Одлуката за престанок на користење и за давање на користење на недвижни ствари.................................................. 21
1058. **Одлука** за изменување на Одлуката за престанок на користење и за давање на користење на недвижни ствари.................................................. 21

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1059. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија Скопје ........................... | 21 |
| 1060. | **Одлука** за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на рударски комплекс за производство на катоден бакар–Казандол КО Валандово-вон г.р. и КО Казандол, општина Валандово ............................... | 21 |
| 1061. | **Одлука** за продажба на деловен простор со кој стопанисува Јавното претпријатие Македонски шуми........ | 23 |
| 1062. | **Одлука** за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство и трговија со електрична енергија МХЕ Јабланица ДОО Скопје ........................................ | 23 |
| 1063. | **Одлука** за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на комерцијален и инфраструктурен објект-бензинска пумпна станица на магистрален пат А1 КО Демир Капија, Општина Демир Капија ............ | 23 |
| 1064. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен" - Скопје.................................................. | 24 |
| 1065. | **Програма** за изменување на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2015 година........ | 24 |
| 1066. | **Тарифа** за годишен надоместок за одржување на сортата запишана во Националната сортна листа................ | 27 |
| 1067. | **Објава** од Министерството за надворешни работи.................................. | 27 |
| 1068. | **Објава** од Министерството за надворешни работи.................................. | 27 |
| 1069. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за видот на податоците, постапката и начинот за запишување и доделување на единствен идентификациски број на земјоделското стопанство и за промена на податоци и бришење, содржината и формата на образците и потребната придружна документација за запишување, промена на податоци и бришење и начин и рок за ракување, употреба, објавување и чување на податоците од единствен регистар на земјоделски стопанства, како и содржината и формата на решението за запишување и Решението за бришење од единствениот регистар на земјоделски стопанства.................................... | 27 |
| 1070. | **Риболовна основа** за изменување и дополнување на Риболовната основа за риболовна вода "Слив на река Брегалница" за период 2011-2016 ...... | 30 |
| 1071. | **Риболовна основа** за изменување на Риболовната основа за риболовна вода "Слив на Пчиња" за период 2011-2016 година ................................ | 30 |
| 1072. | **Упатство** за начинот на изготвување на програма за привремени градби за потреби на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони кои се градат во рамки на технолошките индустриски развојни зони, отворени и затворени спортски игралишта, спортски сали со бруто развиена површина до 1500 м2 и привремени градби за сместување на работници при изградба на индустриски објекти и линиски инфраструктурни објекти………….. | 30 |
| 1073. | **Одлука** за изменување на Одлуката за расположливите депозити ............. | 31 |
| 1074. | **Одлука** за изменување на Одлуката за задолжителната резерва ................. | 32 |
| 1075. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за благајничките записи ................................................. | 32 |
| 1076. | **Решение** за изменување на Решението за забрана на увоз и транзит на живина и диви птици, како и производи и нуспроизводи од живина и диви птици заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија ........................... | 32 |
| 1077. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата ... | 33 |
| 1078. | **Одлука** за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.......................................... | 34 |
| 1079. | **Решение** за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија ............... | 35 |
| 1080. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија................................. | 35 |
| 1081. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија................................. | 35 |
| 1082. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија................................. | 36 |
| | **Огласен дел** ....................................... | 1-44 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1027.**

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07,35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ**

Член 1

Се запишува правото на сопственост на недвижни ствари - Планинарски дом Караџица кои се наоѓаат на КП 309 КО Алдинци, место викано Голем Камен и тоа:

- објект бр.1 намена на зграда А4-4, влез 1, кат ПО, бр. 1, намена П во површина од 177 м2,
- објект бр.1 намена на зграда А4-4, влез 1, кат ПР, бр. 1, намена ДП во површина од 240 м2,
- објект бр.1 намена на зграда А4-4, влез 1, кат ПР, бр. 1, намена ПП во површина од 116 м2,
- објект бр.1 намена на зграда А4-4, влез 1, кат К1, бр. 1, намена ДП во површина од 246 м2,
- објект бр.1 намена на зграда А4-4, влез 1, кат К1, бр. 1, намена ПП во површина од 38 м2,

во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Член 2

Оваа одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-735/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1028.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА ДРУШТВОТО ЗА ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА САЛА „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“ ДООЕЛ – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ – Скопје, бр. 42-7709/1 од 23.09.2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/2014).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-813/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**1029.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР СО КОЈ СТОПАНИСУВА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за продажба на деловен простор со кој стопанисува Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија, бр. 42-6881/3 од 2 септември 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 132/2014).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-813/4
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1030.**

Врз основа на член 18 став (2) Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2003, 161/2009, 171/2010 и 41/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, број 02-35/3 од 29.01.2015 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.01.2015 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-964/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1031.**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.08/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана, му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

- Кревет војнички II – категорија............20 парчиња,
- Душек војнички II – категорија............20 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Град Скопје за потребите на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ – Скопје.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со градоначалникот на Град Скопје со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1022/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1032.**

Врз основа на член 54- а став (1) од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013, 27/2014 и 180/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана, му престанува користењето на движните ствари и тоа:

- Тули полни „гитер“...................10 565 парчиња,
- Врати дрвени двокрилни (разни димензии).......18 парчиња,
- Прозорци дрвени двокрилни (разни димензии).......60 парчиња,
- Граѓа дрвена (разни димензии).......9,7м2 парчиња,
- Керамиди „фалцувани“....................2780 парчиња,
- Капаци за „фалцувани“ керамиди.........28 парчиња,
- Радијатори (гусани).............................15 парчиња и
- Паркет (буков)................................203 м3 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавното претпријатие за утврдување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“.

Член 3

Министерот за одбрана склучува договор со директорот на Јавното претпријатие за утврдување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1098/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1033.**

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, 39/2014, 130/2014 и 166/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС КО НЕОКАЗИ ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на индустриски комплекс КО Неокази, општина Пробиштип.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 222170м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 566/1 | Неокази | Црква | нива | 4 |
| 45/1 | Неокази | Страна | нива | 4 |
| 1/2 дел | Неокази | Озрен | пасиште | 4 |
| **Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:** | | | | **232000м$^2$** |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1187/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1034.**

Врз основа на член 99 став (9) од Законот домување на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 99/2009, 57/2010, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 55/2013, 163/2013, 42/2014 и 199/14) Владата на Република Македонија на седницата одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ОБЈЕКТОТ 3.1, ЛАМЕЛА А, ЛАМЕЛА Б, ЛАМЕЛА В, ЛАМЕЛА Г И ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ - КОМПЛЕКС ИСТОЧНА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО СКОПЈЕ, ДОНЕСЕНА ОД ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АД ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за објектот 3.1, Ламела А, Ламела Б, Ламела В,

Ламела Г и подземен паркинг - Комплекс источна индустриска зона во Скопје, донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје бр. 02-732/10-2 од 22.1.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-1242/1<br>3 март 2015 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

__________

**1035.**

Врз основа на член 99 став (9) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/2009, 57/2010, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 55/2013, 163/2013, 42/2014 и 199/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА СТАНОВИ И ПОДРУМИ ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ."ЃОРЃИ ВАСИЛЕВ" БР.42 ВО СТРУМИЦА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за станови и подруми за станбен објект на ул. „Ѓорѓи Василев“ бр.42 во Струмица донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 02-732/12-2 од 22.01.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-1384/1<br>3 март 2015 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

__________

**1036.**

Врз основа на член 99 став 9 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14 и 194/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ОБЈЕКТОТ РАСАДНИК Б2, У.Е 8 ВО ОХРИД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на продажни цени за објектот Расадник Б2, У.Е 8 во Охрид, донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје бр. 02-2660/8-2 од 23.02.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-1390/1<br>3 март 2015 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

__________

**1037.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА - ЗДРАВСТВЕН ДОМ – ДЕЛЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за здравство му престанува користење на движната ствар - моторно возило: марка ФИАТ, тип 223 DOBLO број на шасија ZFA22300005189176, број на мотор 223A6000/3523206, регистарска ознака SK-678-MS, година на производство 2003, работна зафатнина на моторот 1910см3, сила на моторот 46 kW/ks, боја на каросеријата металик црвена.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Делчево.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Делчево, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-1732/1<br>3 март 2015 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

__________

**1038.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА - ЗДРАВСТВЕН ДОМ - БИТОЛА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за здравство му престанува користење на движната ствар - моторно возило: марка ФИАТ, тип

DOBLO CARGO број на шасија ZFA22300005531964, број на мотор 199A2000/2019363, регистарска ознака SK-936-RO, година на производство 2007, работна зафатнина на моторот 1248 см3, сила на моторот 55 kW/ks, боја на каросеријата црвена.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа - Здравствен дом Битола.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа - Здравствен дом Битола, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-1732/2
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1039.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА - ЗДРАВСТВЕН ДОМ - КРИВА ПАЛАНКА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за здравство му престанува користење на движната ствар - моторно возило: марка ЛАДА НИВА, тип INJECTION, број на шасија XTA2121402164054D, број на мотор 21214A/6762680, регистарска ознака SK-740-LO, година на производство 2002, работна зафатнина на моторот 1690 см3, сила на моторот 59,90 kW/ks, боја на каросеријата бела 01.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Крива Паланка.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Крива Паланка, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-1732/3
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**1040.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА - ЗДРАВСТВЕН ДОМ - СТРУГА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за здравство му престанува користење на движната ствар - моторно возило: марка ФОЛКСВАГЕН, тип GOLF 4, број на шасија WVWZZZ1JZYW216048, број на мотор AHF309836, регистарска ознака Р3574ВК, година на производство 1999, работна зафатнина на моторот 1896 см3, сила на моторот 66 kW/ks, боја на каросеријата црна 20.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Струга.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа - Здравствен дом - Струга, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-1732/4
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1041.**

Врз основа на член 57 алинеја 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015 и 20/2015), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ПО КОНФЕРЕНЦИСКО ТОЛКУВАЊЕ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ ВО УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на студиската програма по конференциско толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2015/2016 година утврден врз основа на одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 02-69/2 од 23.01.2015 година, донесена на 190-тата седница одржана на 23.01.2015 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1741/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1042.**

Врз основа на член 8 став (2) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14 и 184/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3. 3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Деловникот за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, донесен од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.01.2015 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1750/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1043.**

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14 и 166/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРАТЕЧКИ ОБЈЕКТИ ВО КО БЛАЦЕ КАЛЕ ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со пратечки објекти во КО БлацеКале, општина Чучер Сандево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 7259м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцелабр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 2906 | Блаце Кале | Фонджие | нива | 6 |
| **Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:** | **21000м$^2$** | | | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1783/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**1044.**

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, 39/2014, 130/2014 и 166/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ТУРИСТИЧКА РАЗВОЈНА ЗОНА ГРАДИШТЕ КО ПЕШТАНИ ОПШТИНА ОХРИД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на туристичка развојна зона Градиште КО Пештани, општина Охрид.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 51458м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 2300 | Пештани | Авто камп градиште | пасиште | 6 |
| 2294 | Пештани | Авто камп градиште | пасиште | 5 |
| 2301 | Пештани | Авто камп градиште | пасиште | 5 |
| 2299/3 | Пештани | Градиште | пасиште | 6 |
| 2299/1 | Пештани | Градиште | пасиште | 6 |
| 2299/2 | Пештани | Градиште | пасиште | 6 |
| 2296 | Пештани | Градиште | лозје | 6 |
| **Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:** | | | **138300м$^2$** | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-1784/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**1045.**

Согласно член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14 и 166/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО КРУШЕАНИ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ, В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ И Д-ЗЕЛЕНИЛО КО КРУШЕАНИ, ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Крушеани за изградба на објекти со намена А-домување во станбени куќи, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции и Д-зеленило КО Крушеани, општина Кривогаштани.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 64615м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| дел 1799 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1807 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1448 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1449 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1450 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1466 | Крушеани | Калугерица | нива | 3 |
| дел 1467 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1473 | Крушеани | Село | овоштарник | 3 |
| дел 1480 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1483 | Крушеани | Село | нива | 2 |
| дел 1485 | Крушеани | Село | овоштарник | 3 |
| дел 1487 | Крушеани | Село | нива | 2 |
| дел 1488 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1489 | Крушеани | Село | нива | 2 |
| дел 1490/1 | Крушеани | Село | нива | 2 |
| дел 1535 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 159 | Крушеани | Герамидница | нива | 2 |
| дел 1593 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1594 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1636 | Крушеани | Воденичиште | нива | 4 |
| дел 1637 | Крушеани | Воденичиште | нива | 4 |
| дел 1638 | Крушеани | Воденичиште | нива | 4 |
| дел 1639 | Крушеани | Воденичиште | нива | 4 |
| дел 1640 | Крушеани | Воденичиште | градина | 3 |
| дел 1641 | Крушеани | Воденичиште | нива | 4 |
| дел 1651 | Крушеани | Воденичиште | нива | 4 |
| дел 1652 | Крушеани | Голем пат | лозје | 3 |
| дел 1661 | Крушеани | Воденичиште | нива | 3 |
| дел 1736 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1737 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1740 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1742 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1746 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1761/2 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1762 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1763 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1766 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1773 | Крушеани | Крива нива | пнз-природни неплодни земјишта | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| дел 1787 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1797 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1798 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1800 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1805 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1806 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 1829 | Крушеани | Капиджица | нива | 3 |
| дел 2245 | Крушеани | Село | овоштарник | 3 |
| дел 2246 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 2247 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 2261 | Крушеани | Село | овоштарник | 3 |
| дел 2274 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 2287 | Крушеани | Село | овоштарник | 3 |
| дел 2310 | Крушеани | Село | нива | 3 |
| дел 2311 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2312 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2313 | Крушеани | Герамидница | градина | 3 |
| дел 2314 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2317 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2318 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2319 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2323 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2325 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2329 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2330 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2332 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2336 | Крушеани | Градски пат | лозје | 3 |
| дел 2337 | Крушеани | Голем пат | лозје | 3 |
| дел 2338 | Крушеани | Голем пат | лозје | 3 |
| дел 2365 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2366 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2367 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2369 | Крушеани | Герамидница | овоштарник | 4 |
| дел 2371 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2374 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2376 | Крушеани | Герамидница | лозје | 3 |
| дел 2383 | Крушеани | Герамидница | лозје | 3 |
| дел 2386 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2394 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 2395 | Крушеани | Герамидница | нива | 5 |
| дел 2397 | Крушеани | Герамидница | нива | 3 |
| дел 963/1 | Крушеани | Чука | пасиште | 1 |
| **Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:** | | | | **442800м$^2$** |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-1785/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**1046.**

Согласно член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, 39/2014, 130/2014 и 166/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА СЕЛО ВЕЛМЕЈ И СЕЛО ЛЕШАНИ КО ВЕЛМЕЈ И КО ЛЕШАНИ ОПШТИНА ДЕБАРЦА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Велмеј и село Лешани КО Велмеј и КО Лешани, општина Дебарца.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 814м2, ги има следните катастарски индикации:

| **Катастарска парцела бр.** | **Катастарска општина** | **Викано место** | **Катастарска култура** | **Катастарска класа** |
|---|---|---|---|---|
| дел 4686 | Велмеј | Д.поле | нива | 4 |
| дел 4663 | Велмеј | Малица | ливада | 4 |
| дел 4683 | Велмеј | Д.поле | нива | 4 |
| дел 1621/1 | Велмеј | Д.поле | нива | 5 |
| дел 2733/3 | Велмеј | Д.поле | нива | 6 |
| дел 4691/2 | Велмеј | Д.поле | нива | 4 |
| дел 2718 | Велмеј | Д.поле | нива | 6 |
| дел 1548 | Велмеј | Д.поле | нива | 6 |
| дел 2505 | Велмеј | Ќелија | нива | 3 |
| дел 2720 | Велмеј | Д.поле | нива | 6 |
| дел 4659 | Велмеј | Д.поле | нива | 4 |
| дел 2752 | Велмеј | Д.поле | нива | 4 |
| дел 2736 | Велмеј | Д.поле | нива | 6 |
| дел 4684/2 | Велмеј | Д.поле | нива | 4 |
| дел 4688 | Велмеј | Д.поле | нива | 4 |
| дел 800 | Лешани | Горно поле | градина | 3 |
| дел 799 | Лешани | Средно поле | пасиште | 4 |
| дел 790 | Лешани | Средно поле | пасиште | 4 |
| дел 797 | Лешани | Средно поле | пасиште | 4 |
| **Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:** | | | | **4300м$^2$** |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-1786/1 | Заменик на претседателот
3 март 2015 година | на Владата на Република
Скопје | Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**1047.**

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 и 25/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
| 13. | Регионални работилници за патронажната служба и Ромски здравствени медијатори за семејно планирање<br>Регионални работилници за здравствени работници – од превентивните тимови и од породилиштата за советување за доење | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје / Институт за јавно здравје на Република Македонија, Комитет за доење | 5 | 150.000,00 |
| 14. | Стручно-методолошки надзор-теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба и Ромски здравствени медијатори | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје / Институт за јавно здравје на Република Македонија | 10 | 100 000,00 |
| 15. | Едукација на семејства во рурални средини и ромски заедници за унапредување на здравјето и развојот кај децата, вакцинации, безбедно мајчинство и адолесцентно здравје од страна на Ромски здравствени медијатори и патронажна служба | Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 2.200 семејства да се едуцираат | 110.000,00 |
| 16. | Промоција на Европската недела на имунизација | Министерство за здравство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 1 | 200.000,00 |
| 17. | Промоција на Светската недела на доењето | Министерство за здравство,Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 1 | 100.000,00 |
| 18. | Спроведување на истражување за достапноста на услугите од здравствените работници и нивен одговор кон родово базирано насилство | Министерство за здравство, УНФПА - Фонд на население за Обединети нации, СЗО – Светска здравствена организација | 1 | 50.000,00 |
| 19. | Организирање на јога вежби за трудници (2пати неделно х 1час, за 20 трудници) | Спортски центар Борис Трајковски | 10 месеци | 200.000,00 |
| | Средства кои се обезбедени од основниот Буџет | | | 8.000.000,00 |
| | Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство | | | 1.500,000.00 |
| | Вкупно | | | 9.500.000,00 |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-1867/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**1066.**

Врз основа на член 45 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија”, бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

**Т А Р И Ф А**
**ЗА ГОДИШЕН НАДОМЕСТОК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СОРТАТА ЗАПИШАНА ВО НАЦИОНАЛНАТА СОРТНА ЛИСТА**

Член 1

Со оваа тарифа се пропишува висината на годишниот надоместок за плакање на одржување на сортата запишана во националната сортна листа.

Член 2

Висината на надоместокот за одржување на сортата за одделни земјоделски култури изнесува:

- фуражни растенија и репа – 1.300, 00 денари,
- маслодајни и влакнодајни растенија – 1.300, 00 денари,
- житни растенија – 1.200, 00 денари,
- градинарски растенија – 1.300, 00 денари,
- компир – 1.400, 00 денари и
- тутун – 1.700, 00 денари.

Член 3

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-1851/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

**1067.**

**О Б Ј А В А**

Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за заемно признавање на возачките дозволи, потпишан во Подгорица на 15 септември 2014 година ратификуван од Собранието на Република Македонија со Закон за ратификација на договорот („Службен весник на РМ“ бр. 187/2014), е влезен во сила од 29 јануари 2015 година.

Министер,
**Никола Поповски,** с.р.

---

**1068.**

**О Б Ј А В А**

Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за основање и за активностите на културните центри, потпишан во Истанбул на 21 декември 2012 година ратификуван од Собранието на Република Македонија со Закон за ратификација на договорот („Службен весник на РМ“ бр. 150/2013 од 30.10.2013), а влезен во сила од 13 февруари 2015 година.

23 февруари 2015 година
Скопје

Министер,
**Никола Поповски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**1069.**

Врз основа на член 15 ставови (18) и (19) од Законот за земјоделство и рурален развој (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13 и 177/14 ) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ НА ПОДАТОЦИТЕ, ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО И ЗА ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ И БРИШЕЊЕ, СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ОБРАЗЦИТЕ И ПОТРЕБНАТА ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ И БРИШЕЊЕ И НАЧИН И РОК ЗА РАКУВАЊЕ, УПОТРЕБА, ОБЈАВУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЕДИНСТВЕН РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА, КАКО И СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И РЕШЕНИЕТО ЗА БРИШЕЊЕ ОД ЕДИНСТВЕНИОТ РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА**

Член 1

Во Правилникот за видот на податоците, постапката и начинот за запишување и доделување на единствен идентификациски број на земјоделското стопанство и за промена на податоци и бришење, содржината и формата на образците и потребната придружна документација за запишување, промена на податоци и бришење и начин и рок за ракување, употреба, објавување и чување на податоците од Единствен регистар на земјоделски стопанства, како и содржината и формата на решението за запишување и решението за бришење од Единствениот регистар на земјоделски стопанства („Службен весник на Република Македонија’’ бр. 178/14), во членот 3 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

Во случај на производство, увоз и дистрибуција на саден материјал од хортикултура подносителот на барањето треба да ги достави следните документи:

- документацијата од став 1 алинеи 1, 4, 5, 6 и 7 на овој член;
- доказ за поседување или располагање со објектот во кој ја извршува дејноста: имотен лист не постар од шест месеци или договор за закуп на објектот во кој ја извршува дејноста и
- изјава на одговорното лице во правното лице носител на земјоделското стопанство кое врши производство, увоз и дистрибуција на саден материјал од хортикултурата дека не располага со земјоделско земјиште.

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

Прилог 2 се заменува со нов Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија’’.

Бр. 23-2258/3
4 март 2015 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.

Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**ПРИЛОГ 2**

П.Е. ________________ ИДБР бар код

Врз основа на член 15 став ____ од Законот за земјоделство и рурален развој, а по поднесено барање бр. _____________, од ___________________________________________ година поднесено од ____________________________________________________________ Министерството за
(име, презиме и место на живеење на подносителот на барањето)
земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# РЕШЕНИЕ

## за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства

______________________________________________________________________________
( име и презиме на носителот на земјоделското стопанство односно назив на правното лице)
од ______________________________________________________________________________
(адреса односно седиштето на земјоделското стопанство)
носител на земјоделското стопанство, со единствен идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР) __________________________________, со сметка бр.__________________________, број на членови на земјоделското стопанство _____, како ________________________________________________ се запишува во Единствениот регистар на
(организациски облик на земјоделско стопанство)
земјоделски стопанства кој се води во електронска форма.

Табела 1: Пријавени површини под растително производство

| Земјоделски култури | Површина на катастарската парцела | Површина на катастарската парцела во која се врши дејноста | Име на катастарска општина | Број на катастарска парцела |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Табела 2: Пријавени капацитети за сточарско производство

| Сточарско производство | Вкупен број |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

**О б р а з л о ж е н и е**

Барателот _________________________________________ поднесе барање бр. ________________ од ____________________ година, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Подрачна единица ________________________, за запишување во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, согласно член 15 став 16 и 17 од Законот за земјоделство и рурален развој поради што донесе решение како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапката од работен однос во втор степен – Скопје согласно Законот за управна постапка. .

___________________________
Име и презиме на овластено
лице од Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство

___________________________
Датум: ( потпис )

.

**ДОСТАВЕНО:** М.П
- Барателот
- Архива

**1070.**

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" број 07/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РИБОЛОВНАТА ОСНОВА ЗА РИБОЛОВНА ВОДА "СЛИВ НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА" ЗА ПЕРИОД 2011-2016**

1. Во Риболовната основа за риболовна вода "Слив на Река Брегалница" за период 2011 -2016 ("Службен весник на Република Македонија" број 66/11) во точката 6 поттточка 6.1. во точката 4 втората реченицата се брише.

Точката 7 се менува и гласи:

"Риболовен ревир "Злетовска река" - ја опфаќа цела Злетовска Река од изворот до вливот во река Брегалница, без деловите за заштитени зони каде не треба да се врши рекреативен и спортски риболов определени согласно "Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за подрачјето на зафатите на Злетовска река, река Кучешка и акумулацијата Кнежево". На овој риболовен ревир припаѓа и рекреативната зона Пишица".

Во потточката 6.2. во точката 3 зборовите "уреден во посебна" се заменуваат со зборовите "е обработен во оваа".

2. Во точката 8. во потточката 8.1. во ставот 2 по зборовите "риболовен ревир" се додаваат зборовите "односно рекреативна зона".

Во потточката 8.6. точката 4 се брише.

Во потточката 8.7. во ставот 4 алинејата 3 се брише.

Во ставот 5 алинејата 2 се брише.

3. Во точката 9. потточката 9.1 се менува и гласи:

"Во периодот за кој се носи основата одделните риболовни води се порибуваат со подмладок од речна пастрмка со маса од 10-50 грама и подмладок од крап со маса од 150-500 грама и тоа риболовниот ревир Брегалница 1 со 8.000 единки подмладок од речна пастрмка и рекреативната зона – акумулација Градче со 1000 единки подмладок од речна пастрмка и 1000 единки подмладок од крап.

Порибувањето на останатите риболовни води со подмладок, како и порибување со други видови на риби или со единки кои имаат поголеми димензии и маса од наведените не е исклучено и може да се извршува по претходно доставено мислење од страна на овластената институција од областа на рибарството која е изготвувач на оваа риболовна основа."

4. Оваа риболовна основа се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.08-207/4<br>23 февруари 2015 година<br>Скопје | Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство,<br>м-р **Михаил Цветков,** с.р. |

---

**1071.**

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" број 07/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РИБОЛОВНАТА ОСНОВА ЗА РИБОЛОВНА ВОДА "СЛИВ НА ПЧИЊА" ЗА ПЕРИОД 2011-2016 ГОДИНА**

1. Во Риболовната основа за риболовна вода "Слив на Пчиња" за период 2011 -2016 година ("Службен весник на Република Македонија" број 66/11) во точката 6 во потточката 6.1. точката 3. се менува и гласи:

"Риболовен ревир "Крива Река 1" го опфаќа течението на Крива Река од извоthишниот дел до вливот на Кратовска Река во Крива Река, со сите притоки и сите микроакумулации на тој дел.".

Точката 4. се менува и гласи:

"Риболовен ревир "Крива Река 2" го опфаќа течението на Крива Река од вливот на Кратовска Река (вклучително и Кратовска Река) во Пчиња, со сите притоки и сите микроакумулации на тој дел.".

2. Оваа риболовна основа се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-207/5<br>23 февруари 2015 година<br>Скопје | Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство,<br>м-р **Михаил Цветков,** с.р. |

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**1072.**

Врз основа на член 73 став (5) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14 и 187/14), министерот за транспорт и врски донесе

**УПАТСТВО**

**ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПРИВРЕМЕНИ ГРАДБИ ЗА ПОТРЕБИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ КОИ СЕ ГРАДАТ ВО РАМКИ НА ТЕХНОЛОШКИТЕ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ, ОТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА, СПОРТСКИ САЛИ СО БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ДО 1500 М2 И ПРИВРЕМЕНИ ГРАДБИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ПРИ ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКИ ОБЈЕКТИ И ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

I.ОПШТА ОДРЕДБА

1. Со ова упатство се пропишува начинот на изготвување на Програмата за привремени градби за потреби на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони кои се градат во рамки на технолошките индустриски развојни зони, отворени и затворени спортски игралишта, спортски сали со бруто развиена површина до 1500 м2 и привремени градби за сместување на работници при изградба на индустриски објекти и линиски инфраструктурни објекти, кои не се предвидени со урбанистички план односно урбанистичко планска документација. (во понатамошниот текст: Програмата)

II.СОДРЖИНА И НАЧИН НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

2. Програмата се изработува во два примерока, од страна на правни лица кои поседуваат лиценца за изработка на урбанистички планови и истата е спакувана, подврзана во папки А4 формат и потпишана од изготвувачот.

3. Со Програмата можат да се предвидат една или повеќе градби при што градбите можат да се предвидуваат како градби од соодветен градежен материјал или монтажно-демонтажни или типски градби, со можност за утврдување на модуларен систем, со овозможување на мултиплицирање на модулите за зголемување или намалување на вкупната површина на градбите.

4. Во Програмата при утврдувањето на просторот за изградба на градбите треба да се почитуваат урбанистичката концепција и параметрите за непречено користење на веќе изградените објекти и простори и безбедно движење на сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

5.Програмата содржи текстуален и графички дел.

6. Текстуалниот дел на Програмата содржи основни податоци за изготвувачот на Програмата и лицата кои се учесници во изготвувањето, за нарачателот на Програмата, за просторот за кој се однесува Програмата како и за општите и посебните услови за градбите.

7. Општите услови се однесуваат на видот на градбите, а со посебните услови се утврдуваат податоци поединечно за секоја градба.

8. Посебните услови во зависност од видот на градбата ги содржат следните податоци:
- површината која ја зафаќа градбата;
- максималната површина на габаритот на градбата;
- височината на градбата до венец;
- височината од венецот на градбата до слемето;
- котата на приземје во однос на теренот;
- видот на градежен материјал односно конструктивни елементи;
- услови за архитектонско обликување на градбата;
- услови за обезбедување пристапност за лица со инвалидитет;
- услови за приклучување на постоечките инфраструктурни мрежи (електронапојување, водоснабдување и канализација и сл.);
- катастарска парцела и катастарска општина и
- други податоци и параметри во зависност од видот на градбата.

9. Графичкиот дел од Програмата е приказ на просторот во кој се предвидени градбите и истиот содржи графички прилог а доколку градбата се предвидува во рамки на градежна парцела на урбанистички план или урбанистичко-планска документација графичкиот дел содржи и извод од важечката планска документација.

10. Графичкиот прилог се изработува на ажурирана геодетската подлога и на истиот со колоритно означување се прикажуваат постојните и предвидените градби со површината која ја зафаќаат, а доколку градбата се предвидува во рамки на урбанистички план или урбанистичко-планска документација на ажурираната подлога соодветно се пренесуваат и површините за градење на градбите предвидени со планската документација кои не се изградени.

11. Постоечката состојба на која што се предвидува градбата треба да содржи ситуација со легенда (табела) која содржи податоци за површината, намената на постојните објекти и за нив издадена документација и степенот на уреденост на земјиштето со инфраструктура.

12. Планираната состојба треба да содржи ситуација, со легенда (табела) која ќе содржи целосни податоци за површината на новите градби и површината на земјиштето за нивна редовна употреба, висината и намената на градбите.

13. Доколку градбата се предвидува во рамки градежна парцела на урбанистички план или урбанистичко-планска документација, при утврдувањето на површината на градбата во графичкиот прилог, не треба да се навлезе во површината за градење на градбата утврдена со планската документација.

III.ЗАВРШНА ОДРЕДБА

14.Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-3924/1 | Министер |
| 9 март 2015 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Миле Јанакиески,** с.р. |

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1073.**

Врз основа на член 21 и 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010, 123/12 и 43/14) и Одлуката за определување редослед по кој вицегувернерите ќе го заменуваат гувернерот за време на неговото отсуство од работа во текот на 2015 година бр.40081 од 30 декември 2014 година, Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОЛОЖЛИВИТЕ ДЕПОЗИТИ**

1. Во Одлуката за расположливите депозити („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/12, 18/13, 50/13 и 166/13), во точка 5 ставот 3 се брише.

2. Точка 6-а се брише.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 11 март 2015 година.

О. бр. 02-15/2/2015
9 март 2015 година
Скопје

Вицегувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
м-р **Маја Кадиевска - Војновиќ,** с.р.

---

**1074.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а согласно со член 20 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14) и Одлуката за определување редослед по кој вицегувернерите ќе го заменуваат гувернерот за време на неговото отсуство од работа во текот на 2015 година бр.40081 од 30 декември 2014 година, Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА**

1. Во Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/12, 98/13, 166/13, 143/14 и 30/15), во точка 11 ставот 2 се менува и гласи:

„На дневна основа, банката може целосно да ја користи задолжителната резерва во денари.“.

Ставот 3 се брише.

2.Во точка 18 став 1 алинеја 2 зборовите „точка 11 став 2 и 3 и“ се бришат.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 11 март 2015 година.

О. бр. 02-15/3/2015
9 март 2015 година
Скопје

Вицегувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
м-р **Маја Кадиевска - Војновиќ,** с.р.

---

**1075.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 19 став 1 точка 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14) и Одлуката за определување редослед по кој вицегувернерите ќе го заменуваат гувернерот за време на неговото отсуство од работа во текот на 2015 година бр.40081 од 30 декември 2014 година, Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА БЛАГАЈНИЧКИТЕ ЗАПИСИ**

1. Во Одлуката за благајничките записи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/13 и 30/15), во точка 4, по ставот 2 се додаваат нови ставови 3 и 4, коишто гласат:

„Во случај на тендер со износи и при утврден ограничен износ на благајнички записи, Народната банка може да утврди начин на формирање на понуди од банките според процентуалното учество на задолжителната резерва во денари на банката во вкупната задолжителна резерва во денари на банкарскиот систем за периодот на исполнување, којшто започнува на денот на аукцијата. Во овој случај, износот на понудата на банката е најмногу до износот добиен со примена на соодветното процентуално учество во износот на благајнички записи утврден во Проспектот (намален за износот на достасани благајнички записи на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје). Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, којашто нема обврска за задолжителна резерва согласно Законот за Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/09), учествува на аукцијата со износот на достасани благајнички записи.

Во случај на примена на начин на формирање на понуди од банките согласно став 3 од оваа точка, Народната банка пред аукцијата ги известува банките за максималниот износ на понуда по банка.“.

2. Точка 14 се брише.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 11 март 2015 година.

О. бр. 02-15/4/2015
9 март 2015 година
Скопје

Вицегувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
м-р **Маја Кадиевска - Војновиќ,** с.р.

---

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**1076.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИНА И ДИВИ ПТИЦИ, КАКО И ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВИНА И ДИВИ ПТИЦИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на живина и диви птици, како и производи и нуспроизводи од живина и диви птици заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 183/14, 200/14 и 17/15), Прилогот се заменува со нов Прилог, кој е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-317/3
26 февруари 2015 година
Скопје

Агенција за храна и
ветеринарство
Директор,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.

Прилог

1. Бугарија
- Зона под надзор во радиус од 30 км од местото Пода, во регионот Бургас.

2. Унгарија
- Зона во радиус од 30 км од местото Füzesgyarmat, во регионот Békés County.

---

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1077.**

Врз основа на член 22, алинеја 5 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013 , 41/2014 и 151/2014), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 55/2011, 135/11, 82/13, 98/13, 43/14 и 167/14), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14 и 130/14), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/2005) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати ("Службен весник на РМ" бр. 138/09 и 52/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 9.3.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 30,794
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 32,436

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 30,690

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 30,018

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 21,528

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени ( 1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 67,50
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 69,50

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 55,50

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 44,00

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 26,925

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од подточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 67,00 | 66,50 | 66,00 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 69,00 | 68,50 | 68,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 55,00 | 54,50 | 54,00 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 43,50 | 43,00 | 42,50 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,080
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,080

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,030

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,040

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,890
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,890

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,300

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,300

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,740

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 21,739
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 21,792

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 12,314

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 3,230

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,100

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 НС | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 10.03.2015 година и истата ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија” и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

УП1 Бр. 02-522/1
9 март 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**1078.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), постапувајќи по барањето на Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ДИНО ДИНАМИКС ДООЕЛ Скопје, за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 6.3.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ДИНО ДИНАМИКС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Јадранска Магистрала бр.165, Бутел, Скопје, му се одобрува користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од фотонапонската електроцентрала „ДИНО ДИНАМИКС“ со инсталирана моќност од 44 kW и со локација на КП.бр.226-1, КО Визбегово, Општина Бутел.

2. Податоци за носителот на оваа одлука:

- назив и седиште: Друштво за дистрибуција на електрична енергија ДИНО ДИНАМИКС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Јадранска Магистрала бр.165, Бутел, Скопје;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-172;
- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „ДИНО ДИНАМИКС“;
- податоци за локација на електроцентралата: на КП.бр.226-1, КО Визбегово, Општина Бутел;
- инсталирана моќност на електроцентралата: 44 kW (176 панел со моќност на панел од 250 W);
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 59.900 kWh;
- повластена тарифа која ќе ја користи повластениот производител: повластена тарифа која што важела на денот на донесување на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „ДИНО ДИНАМИКС“, УП1 бр. 08-84/13 од 06.09.2013 година, односно во зависност од инсталираната моќност и локацијата на фотонапонската електроцентрала „ДИНО ДИНАМИКС“ се одобрува користење на повластена тарифа од 16 €¢/kWh;

- период на користење на повластената тарифа: 15 години започнувајќи со денот на влегување во сила на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила 7 дена од денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-27/15
6 март 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**1079.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), постапувајќи по барањето на Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ДИНО ДИНАМИКС ДООЕЛ Скопје, за издавање на решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 6.3.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ДИНО ДИНАМИКС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Јадранска Магистрала бр.165, Бутел, Скопје, му се издава решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за фотонапонската електроцентрала „ДИНО ДИНАМИКС“ со инсталирана моќност од 44 kW и со локација на КП.бр.226-1, КО Визбегово, Општина Бутел.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Друштво за дистрибуција на електрична енергија ДИНО ДИНАМИКС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Јадранска Магистрала бр.165, Бутел, Скопје;
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-PV-172;
- назив на електроцентралата: фотонапонска електроцентрала „ДИНО ДИНАМИКС“;
- податоци за локација на електроцентралата: на КП.бр.226-1, КО Визбегово, Општина Бутел;
- инсталирана моќност на електроцентралата: 44 kW (176 панел со моќност на панел од 250 W);
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 59.900 kWh;
- датум на престанок на важење на ова решение: 06.03.2030 година.

3. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

4. Ова решение влегува во сила 7 дена од денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-26/15
6 март 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**1080.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), а постапувајќи по барањето на Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с. Теново - Брвеница, на ден 5.3.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 91/13 од 10.03.2014 година, на Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с. Теново - Брвеница, се продолжува до 10.12.2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-91/13
5 март 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**1081.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), а постапувајќи по барањето на Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с. Теново - Брвеница, на ден 5.3.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 92/13 од 10.03.2014 година, на Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с. Теново - Брвеница, се продолжува до 10.12.2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-92/13
5 март 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**1082.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), а постапувајќи по барањето на Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с. Теново - Брвеница, на ден 5.3.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 93/13 од 10.03.2014 година, на Друштвото за развој на обновливи извори на енергија, трговија и услуги ЕНЕРГО Р ГРОУП ДОО експорт-импорт, с. Теново - Брвеница, се продолжува до 10.12.2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 08-93/13
5 март 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. Ђ Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД Ђ Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2015035